# Систем на здравствена заштита во РМ

Д-р Борјан Павловски

Здружение ЕСЕ

ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY INSTITUTE
Public Health Program


Парламент
Влада
Министерство за локална самоуправа
Министерство за здравство
Фонд за здравствено осигурување
Лекарска комора
Стоматолошка комора
Фармацевтска комора
Општини
Институт за јавно здравје
Терциерно ниво
Универзитетски клиники и институти
Центри за јавно здравје
Специјалистичко-консултативни служби во болниците
Јавни и приватни општи и специјални болници и институти
Секундарно ниво
Здравствени домови
Здравствена станица
Приватни медицински и стоматолошки ординации во примарна здравствена заштита
Аптеки
Примарно ниво

# Министерство за здравство

- Ја подготвува здравствената политика во државата и го следи нејзиното спроведување,
- утврдува приоритети во здравствената заштита и го следи функционирањето на системот на здравствена заштита.

# Министерство за здравство

- врши проценка на организационата поставеност на институциите во системот и потребата од процеси на преструктуирање и/или од формирање на нови институции или дејности.
- Ја следи ефикасноста на управувањето со ФЗО, преку посебна единица.

# Посебни единици на МЗ

- Дирекција за храна
- Биро за лекови
- Државен здравствен и санитарен инспекторат

# Фонд за здравствено осигурување

- заснован на принципите на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефикасно искористување на средствата,
- врши надзор над системот за осигурување, преку собирање на средствата од осигурениците и склучување договори со давателите на услугите

# Фонд за здравствено осигурување - управување

- Управниот одбор се состои од претставници од следните институции:

- МЗ,
- Министерството за финансии,
- Сојуз на синдикати
- Стопанска комора
- Лекарска и Стоматолошка комора
- Здружение на пензионери
- Претставник на осигурениците.

# Министерство за финансии

- Во консултација со Министерството за здравство, ги дефинира средствата наменети за здравствениот сектор на годишно ниво и ги вклучуваат превентивните здравствени програми

# Министерство за труд и социјална политика

- ги обезбедува потребните средства за здравствено осигурување на корисниците на социјални услуги и лицата со посебни потреби,

# Министерство за локална самоуправа

- Децентрализирани надлежности од областа на примарната и превентивната заштита,
- Сеуште потполно не се применува во практиката

# Здравствен систем

- Здравствениот систем во Република Македонија содржи три нивоа, односно може да се подели на: примарен, секундарен и терциерен.
- Примарната здравствената заштита претставува база на целосниот здравствен систем и нуди основна здравствена заштита на локално ниво.
- Пациентите можат да бидат упатени на секундарниот систем за здравствена заштита преку упат на избраниот лекар во примарната здравствена заштита.
- Пациентите можат да бидат упатени на терциерниот систем за здравствена заштита преку упатување од секундарно ниво.
- Во секојдневната пракса пациентите можат да ги користат здравствените услуги по пат на избран лекар.

# Здравствената заштита

- Здравствената заштита се засновува врз единството на превентивните, дијагностичко-терапевтските и рехабилитационите мерки и врз начелата на **достапност,** рационалност и континуираност, како и врз современите и потврдените достигнувања на медицинските и други науки и на етиката на здравствените работници.

# Примарна здравствена заштита

Примарната здравствена заштита (дополнета со примарната стоматолошка заштита) се состои од пет одделни дејности:

- општа медицина
- медицина на трудот
- здравствена заштита на деца/педијатрија (0-6 години)
- училишна медицина (ученици и млади од 7 до 19 години)
- здравствена заштита на жени (акушерство и гинекологија).

# Примарна здравствена заштита

- Службите на центрите за примарна здравствена заштита, на општинско ниво, исто така, вклучуваат итна помош и домашно лекување, аптеки, лаборатории, кабинети за рентген и ехо, превенција на туберкулоза и поливалентна патронажа

# Примарна здравствена заштита

- Општата практика ја вршат лекари, со или без специјализација по општа практика, педијатри  (за деца од 0 до 6 години),  гинеколози и стоматолози.
- Осигурениците се должни да изберат лекар во примарната здравствена заштита (матичен лекар, матичен гинеколог, матичен стоматолог)

## Примарна здравствена заштита

Според законот, лекарите во примарната здравствена заштита ги обезбедуваат следниве здравствени услуги:

- општи медицински услуги;
- препишување на лекови;
- издавање на упати за специјалистички амбулантни служби;
- издавање на упати за болничко лекување;

# Примарна здравствена заштита

Според законот, лекарите во примарната здравствена заштита ги обезбедуваат следниве здравствени услуги:

- издавање на потврда за привремена спреченост за работа во траење до 7 дена;
- издавање на потврда за привремена спреченост за работа во траење до 15 дена, само по претходна препорака од лекар специјалист;
- издавање на упат до комисија за разгледување на привремена спреченост за работа во период подолг од 16 дена.

# Превентивна здравствена заштита

- Специјализирана превентивна здравствена заштита се обезбедува преку Институтот за Јавно здравје (ИЈЗ) и 10 регионални Центри за јавно здравје;
- Превентивна здравствена заштита се обезбедува и преку Здравствените домови, преку службата за поливалентна патронажа и превентивните тимови.

# Превентивна здравствена заштита

- Здравствените домови спроведуваат:

 - превентивни прегледи на новороденчиња и доенчиња,

- Вакцинација на децата

- Систематски прегледи за ученици

- Здравствено-едукативни предавања за училишни деца и млади

# Превентивна здравствена заштита

- Патронажните служби (патронажна сестра), како специјализирана форма на нега, вклучуваат и низа функции на јавна здравствена заштита. Слична на домашната посета, оваа служба е заснована на потребите на семејството, вклучувајќи постпородилни посети на мајките и нивните доенчиња.

# Превентивна здравствена заштита

- Активностите на професионална здравствена заштита ги извршува Институтот за медицина на труд, и единиците за професионално здравје, лоцирани, главно, во здравствените домови и во приватни здравствени установи

# Секундарна здравствена заштита

- Секундарната здравствена заштита се обезбедува преку општите и клиничките болници, поделени на специјалистичко-консултативни служби за здравствена заштита, одговорни за амбулантска проценка и лекување и болничка здравствена заштита.
- До овие услуги се пристапува преку упат од избраниот лекар

# Секундарна здравствена заштита - Специјалистичко-консултативна здравствена заштита

- Вклучува специјалистичка дијагноза, лекување и рехабилитација.
- Истатата се спроведува во специјалистичките ординации во здравствените домови, поликлиники, амбулантите во Општите и Клиничките болници, службата за медицинска рехабилитација, како и во специјалните болници.

# Болничка здравствена заштита

- Се спроведува во: Општите болници, Клиничките болници, специјални болници, заводи, институти, како и во приватните болници.
- Трошоците во врска со болничкото лекување на осигурените лица се покриваат од задолжителното здравствено осигурување, како и со партиципацијата од пациентите, во согласност со законските одредби.

# Болничка здравствена заштита

- Пациентите плаќаат дополнителни трошоци за услугите во геријатриските установи, во делот за сместување и исхрана.
- Трошоците за лекување во психијатриските болници се плаќаат од страна на државата.

# Болничка здравствена заштита

- Специјализирана болничка грижа се спроведува во 6 специјални болници и 7 рехабилитациони центри

# Терциерна здравствена заштита

- Терциерната заштита се обезбедува во Универзитетските клиники во Скопје и во специјалистички болници, од кои најголемиот број се лоцирани, исто така, во Скопје (Специјалистичка болница за гинекологија и акушерство во Чаир; Психијатриска болница Скопје).

# Терциерна здравствена заштита

- Терциерната здравствена заштита исто така се дели на: Специјалистичко-консултативна и Болничка здравствена заштита.
- Сите институции за терциерна ЗЗ имаат и функција за спроведување на настава, а исто така и спроведување на научно-истражувачка дејност.

# Терциерна здравствена заштита

- Пристап до терциерна здравствена заштита е преку секундарната здравствена заштита.
- Универзитетските клиники во Скопје се наоѓаат на врвот на здравствената пирамида во РМ и обезбедуваат терциерна здравствена заштита за повеќе специјалности.

# Програми под Министерството за здравство

- Овие програми ги усвојува Владата на РМ на годишно ниво и се финансираат од државниот буџет.
- Министерството за здравство е одговорно за подготовка, имплементација и мониторинг на Програмите
- Сите здравствени услуги предвидени со Програмите се бесплатни за граѓаните

# Програми (2013 година)

- Национална годишна програма за јавно здравје
- Програма „Здравје за сите“
- Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата
- Програма за заштита на населението од ХИВ-СИДА
- Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности
- Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства
- Програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението
- Програма за лекување на ретки болести
- Програма за обезбедување на средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери со пензија пониска од просечната
- Програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетот

# Програми (2013 година)

- Програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија
- Програма за организирање и унапредување на крводарителството
- Програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата
- Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението
- Програма за превенција на кардиоваскуларни болести
- Програма за рана детекција на малигни заболувања
- Програма за систематски прегледи на учениците и студентите.